**ЛАЗАРОВ, Мартин**

УДК: 347.56:347.961(497.7)
347.513:347.961(497.7)

# ГРАЃАНСКО-ПРАВНАТА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРОТ ЗА СТОРЕНА ШТЕТА НА СТРАНКИ И ТРЕТИ ЛИЦА ПРИ ВРШЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО

**Апстракт**

Во овој труд особено внимание ќе биде посветено на граѓанско-правната одговорност на носителите на правно регулираната професија во нашето право со посебен осврт на одговорноста на нотаријатот. Предметот на истражувањето ќе претставува одговорноста за надомест на штета што произлегува од вршењето на оваа професија, односно граѓанско-правната одговорност на нотарот. Во трудот исто така во контекст на професионалната одговорност на нотарот ќе бидат опфатени и правната природа, правните извори, правната уреденост на граѓанско-правната одговорност на нотарот во нашата земја. Во трудот ќе бидат изложени можните недостатоци кои би можеле да се појават во врска со правната уреденост на граѓанско-правната одговорност на нотарот за сторена штета на своите странки или трети лица при вршењето на својата професионална дејност.

**Клучни зборови**: *граѓанско – правна одговорност, професионална одговорност, нотар, професија.*

**LAZAROV Martin**

UDK: 347.56:347.961(497.7)
347.513:347.961(497.7)

# THE CIVIL LEGAL LIABILITY OF THE NOTARY FOR DAMAGE CAUSED TO PARTIES AND THIRD PARTIES DURING THE PERFORMANCE OF THE ACTIVITY UNDER MACEDONIAN LAW

**Abstract**: In this paper, special attention will be paid to the civil-legal responsibility of the holders of the legally regulated profession in our law with special reference to the responsibility of the notary. The subject of the research will be the responsibility for compensation for damage resulting from the exercise of this profession, that is, the civil legal responsibility of the notary. In the paper, also in the context of the professional responsibility of the notary, the legal nature, the legal sources, the legal arrangement of the civil-legal responsibility of the notary in our country will be covered. The paper will present the possible shortcomings that could appear in connection with the legal arrangement of the civil - legal responsibility of the notary for damage caused to his parties or third parties during the performance of his professional activity.

**Keywords:** *civil – legal responsibility, professional responsibility, notary, profession*

## ВОВЕД

Кога зборуваме за поимот професија, може да кажеме дека станува збор за интелектуална професија, која професија е регулирана со закон. Во нашето право за припадници на интелектуалните професии се сметаат вршителите на правно регулираните професии, односно адвокати, извршители, нотари, судии, јавни обвинители, стечајни управници, како и сите медицински и сродни професии, архитекти, овластени градители, ревизори, сметководители и слично, а во голем дел овој поим се проширува и на припадниците на уметничките професии. Денес од поимот професија, како дејност со која некој се занимава и остварува приходи, се издвојува поимот слободна професија која се врзува со вршењето на одредена интелектуална дејност, затоа во одредена литература овој назив на слободна професија може да се сретне како интелектуална професија (Амповска.М, 2020).Во овој труд ќе се задржиме на правната професија, односно професијата нотаријат. Имено, одговорноста која произлегува од вршењето на неа уште се нарекува и професионална одговорност, односно кажано со други зборови, професионалната одговорност претставува специфичен облик на одговорност која е поврзана со вршењето на професиите. Носителите на правната професија нотаријат се должни одговорно да ја вршат својата дејност, да постапуваат со посебно внимание кое што се бара за вршење на оваа професија, почитувајќи ги правилата кои важат во струката, за да не се доведе во ситуација клиенти или трети лица да претрпат штета од вршењето на оваа професија се поради не доволно внимание. Во склоп на самата професионалната одговорност влегуваат: граѓанско-правна одговорност, дисциплинска одговорност и кривична одговорност. Сепак предмет на интерес во овој труд ќе биде граѓанско-правната одговорност на вршителите на професијата нотар, за сторена штета при вршењето на својата професија. Граѓанско – правната одговорност има големо значење, бидејќи целта на нејзиното постоење се состои токму во правото на обезбедување на надомест, односно обештетување на оние лица кои ќе претрпат штета поради непрофесионалното однесување на носителите на конкретната професија. Граѓанско-правната одговорност која е предмет на анализа во овој труд, го става носителот на професијата наспроти корисникот на неговите услуги и има за цел да обезбеди обештетување на лицата кои ќе претрпат штета од професионална грешка. Во секојдневното работење, односно при пружањето на услугите на своите клиенти и на трети лица, нотарите можат да се соочат со многубројни, односно разни ризици кои би можеле да резултираат со нанесување на штети на своите странки, но и на трети лица, доколку не постапуваат со потребното внимание.

### Поим на нотарската дејност

Нотарот својата нотарска дејност ја врши како и секоја друга слободна професија, слободно, независно, стручно и од вршење на оваа професија остварува одредена добивка. Самата нотарска дејност подлежи на одредени регулирање што се втемелени во посебни законски и подзаконски акти, сепак како и секоја слободна професија основната цел на професијата е да понуди одредена услуга и за вршење на таа услуга да добие одредена награда или компензација. При вршење на нотарската дејност, самиот нотар подлежи на одредена одговорност за дадената услуга, за начинот и квалитетот, за ефикасноста и ненадејната штета која може да ја предизвика при вршење на својата професија. Иако нотарската дејност спаѓа во делот на слободни професии сепак самата професија нотар, е правна професија која се категоризира посебно од другите слободни професии, според самата специфична услуга која ја врши и изворот на правата, обврските и одговорностите од каде се црпи овластувањето за

вршење на оваа правна професија. Како припадник на правното регулираните професии, нотарот својата дејност ја врши врз основ на донесени правни прописи. Оваа правна професија е регулирана врз основ на законски и подзаконски акти и тоа: Закон за нотаријат[1], Статут на Нотарска комора[2], Кодекс на етика на нотарите[3] и други законски и подзаконски акти. Со овие правни акти се уредува начинот на кој се врши оваа правна професија, условите што треба да се исполнат за вршење на самата професија и правата, обврските и одговорностите при вршење на професијата. Во самиот Закон за нотаријат уреден е начинот на кој е организирана нотарската дејност, правата и обврските со кои располага секој нотар, нивната надлежност, организација при вршење на дејноста, кои услови треба да ги исполни секое лице кое сака да стане нотар, општи и посебни услови, кој може да биде вработен во самата канцеларија и кои услови треба да ги исполни за да може да работи на одредена позиција кај самиот нотар, самите услуги што ги нудат нотарите се овозможени за извршување како вршител на јавна дејност. Поконкретно зборувајќи, нотарската служба опфаќа составување и издавање на јавни исправи за правните работи во форма на нотарски акт, изјави и потврди за факти врз основа на кои се востановуваат права или обврски, донесување на решенија во постапка за издавање на нотарски платни налози, потврдување на приватни исправи: солемнизација, издавање на потврди, заверка на потпис и ракознак, на препис, на превод, примање на чување на исправи, на пари и на предмети од вредност заради нивно предавање на други лица или органи, како и вршење на доверени работи определени со закон. Со самото воспоставување на Нотаријатот во правото на Република Северна Македонија, па сè до денес, овластувањата на нотарите како јавна независна служба воведена за вршење на јавни овластувања врз основа на закон по барање на граѓаните, државните органи, правните лица и други заинтересирани институции се зголемуваат со самиот развој на правниот поредок во нашата држава. Сепак при самото вршење на оваа дејност со сите посебни овластувања, нотарот сноси и одговорности. Во рамките на одговорностите кои што ги сноси нотарот се издвојуваат граѓанско-правната одговорност, кривичната и дисциплинската одговорност. Сите три вида одговорност во практика можат да се реализираат паралелно кон носителот на слободната професија, затоа што тие не се исклучуваат една со друга, а некои од нив меѓу себе се и комплементарни. Секоја од овие одговорности на носителите на слободните професии претпоставува посебни различни правни правила, услови за нивно постоење, постапки по кои тие се утврдуваат, органи надлежни за утврдување и изрекување санкции. Граѓанската и кривичната одговорност на носителите на слободни професии ја утврдуваат државни органи - надлежните судови, во законски предвидена постапка. Дисциплинската одговорност ја утврдуваат дисциплинските органи кои се создаваат при професионалните здруженија во посебна постапка - дисциплинска постапка. Граѓанско-правната одговорност се заснова на морална одговорност содржана во етичкиот кодекс на нотарската професија. Дисциплинската одговорност почива на вината на нотарот за дејствија што со закон се оквалификува како дисциплински прекршоци. Кривичната одговорност на нотарите

[1] Закон за нотаријат ,,Службен весник на РМ“бр.55/2007,бр.86/2008,бр.139/2009,бр.135/2011,бр.72/2016,бр.142/2016,бр.233/2018

[2] Текстот на статут е достапен на следниот линк http://nkrm.org.mk/index.php/about-us/akti-na-komorata/statut

[3] Текстот на кодексот е достапен на следниот линк http://nkrm.org.mk/index.php/about-us/akti-na-komorata/kodeks

произлегува по утврдување дека нотарот сторил кривично дело пропишано со закон со изрекување кривична санкција која може да доведе до престанок на вршење на дејноста нотар. (Мораит, 2018).

**Основни белези на граѓанско-правна одговорност на нотарот во нашето право**

Кога зборуваме за граѓанско-правната одговорност на нотарот, зборуваме за професионалец кој одговара за штета која ќе ја предизвика при вршење на својата дејност. За разлика од другите видови на одговорности што ги има нотарот, кај граѓанско-правната одговорност нотарот директно одговара на странките или трети лица за настаната штета настаната при работењето на нотарот или поврзано со самата работа. Исто така за разлика од другите одговорности каде што нотарот одговора само за својата работа во граѓанско-правната одговорност нотарот одговара и за други лица односно и за лицата вработени во неговата нотарска канцеларија. Нотаријатот од латински вид на кој му припаѓа и нотаријатот на нашата држава во својата основа ги содржи карактеристиките на нотаријатот, во кој нотарот мора да ги има сите одлики на оспособен докажан правник во областите на граѓанското, трговското, семејното, наследното, меѓународно приватно право, облигационото, извршното и другите гранки на правото и за евентуалната штета што би му ја направил на странки или трето лице, да одговара соодветно на тежината на преземеното штетно дејствие, како за исправите кои ги сочинил, така и за вршењето на севкупната доверена дејност (Анастасовска). Нотарите  не се во службени односи со никого, ниту со државата што ги поставила, ниту според еден од јавните служби. Иако нотарската служба има елементи на јавност, т.е. се работи за јавна служба, самиот нотар не е ничиј службеник или вработен, работи самостојно, на свој начин за свое име и за своја сметка, а го обврзуваат само законските и уставните одредби и јавните правила на моралот. Иако може да се каже дека нотаријатот е слободна професија која е единствена од ваков вид професијата  која се разликува дотолку што на нотарите им се даваат и јавни овластувања кои по својата природа припаѓаат на државата, сепак може да сметаме дека нотарот е пред сè јавна услуга, со елементи на слободна професија. (Plecas, 2018). Во самиот закон за нотаријат е наведено дека нотарот е одговорен за штетата која ќе ја нанесе на странка или трето лице со вршење на службата или во врска со службата со намера или крајно невнимание. Подетално ако ја анализираме оваа норма ќе видиме дека овде станува збор за професионална одговорност на нотарот со самото тоа што е наведено дека одговара за штета при вршење на својата служба, исто така станува збор и за субјективна одговорност што се гледа од тоа дека се работи за вина, односно нотарот одговара за штета предизвикана со намера или крајно невнимание. Сепак главната полемика е утврдувањето дали одговорноста на нотарот е договорна или вондоговорна при настанување на штета при вршење на својата дејност. Во ЗОО постои општа одредба со која се утврдува обврската за учесниците во правниот промет да се воздржат од постапки со кои на друг може да му се предизвика штета[4] и обврската за надомест на штета[5]. Кај вондоговорната одговорност, претходно не постоел друг облигационен

[4] член 9, Забрана за предизвикување штета Секој е должен да се  воздржи од постапка со која може на друг да му предизвика штета од Закон за Облигационите односи
[5] член 141 од ЗОО, Основи на одговорност
(1)Тој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести,

однос, единствено општиот однос кој наведува – секој да се воздржи од предизвикување штета на друг. Со самото предизвикување на штета спрема трето лице за која штета постои одговорност, тогаш настанува облигациониот однос помеѓу две лица и обврска за надомест на оваа штета. Според ова, штетата која ќе ја предизвика нотарот со вршење на својата дејност спрема трети лица претставува вондговорна одговорност, односно покрај тоа што одговара за штета нанесени на странки, одговара и за штета настаната кон неопределен круг на лица надвор од односот кој постои помеѓу нотар и странка. Главното прашање кое треба да се одговори е штетата која е предизвикана од нотарот со вршење на својата дејност спрема странки што се баратели на услугите на нотарот, дали станува збор за договорна одговорност или вондоговорна. За разлика од вондоговорната, каде што претходно не постоел друг облигационен однос, кај договорната одговорност претходно постоел друг облигационен однос за кој по неговото настанување дошло до некој вид на повреда од страна на самите страни на тој однос. Иако самото име асоцира дека овде станува збор само за облигациони односи настанати од договорите сепак тука влегуваат и други видови на облигациони односи како што се: работоводството без налог, стекнувањето без основа, облигационите односи поврзани со бракот, соодносите родители и деца, старателските односи, други односи кои настануваат по сила на закон, едностраната изјава на волја и сл. Карактеристично кај овој вид на одговорност за штета е тоа што како страни на овој однос можат да се појават само лица кои претходно биле во одреден облигационен однос од кој настанала повреда. Поаѓајќи од тоа дека нотарот не ги застапува странките, тој не е адвокат, тој е искусен и стручен повереник на сите странки и неговата цел е да им помогне да ги уредат односите на квалитетен начин за да се избегнат долги и скапи спорови, сметаме дека овде станува збор за вондоговорна одговорност. Во продолжение во Законот за нотаријат е наведено дека нотарот одговара за штета според општите правила за надомест на штета што ја предизвикало службено лице. Со сигурност може да се заклучи дека не се работи за одговорноста за друг како посебен вид на одговорност во случајот на нотарите, со оглед на одредбата дека државата не одговара за штетата што ќе ја причини нотарот. Затоа и сметаме дека законот требало да ја оддели одговорноста на нотарот од одговорноста на службените лица. На тој начин за одговорноста на нотарот би нашле примена одредбите за договорна и вондоговорна одговорност на нотарот (Амповска.М, 2020).

### Вина на нотар и потребното внимание кое се бара кај нотарот при извршување на професионалната дејност

За да постои граѓанска правна одговорност кај нотарот за настанатата штета при вршење на својата дејност потребно е да се исполнат неколку услови кој што еден до нив е вина. Вината кај нотарот може да биде со обично невнимание, крајно невнимание и со намера. Иако во Законот за нотаријат е наведено дека нотарот одговора за штета настаната со крајно невнимание и намера, сепак обичното невнимание не се исклучува

(2)За штета причинета од предмети или дејности од кои произлегува зголемена опасност од штета за околината, се одговара без оглед на вината.
(3)За штета без оглед на вината се одговара и во други случаи предвидени со закон.

во овој случај.[6] За разлика од крајното невнимание и намерата каде што треба да се докажат од страна на оштетениот дека постојат, обичното невнимание се претпоставува дека постои и самиот штетник во овој случај нотарот, треба да докаже дека ја вршел својата дејност со внимание потребно за вршење на дејноста.[7] Во Законот за облигационите односи стои дека обичното невнимание, сфатено како пропуштање на стандардното однесување што се бара од добриот домаќин, добриот стопанственик или добриот стручњак.[8] Главното прашање кое треба да се одговори е со каков вид на внимание треба да се однесува нотарот при вршење на својата дејност. Бидејќи овде станува збор за професионална одговорност, односно вршење на дејност за која треба да се исполнат одредени услови за самото работење на оваа работа, ќе се бара повисок степен на претпазливост при работењето. Гледајќи од самите норми во Законот за нотаријат каде што е наведено дека нотарот одговара за штета согласно општите правила за надомест на штета која ја предизвикало службено лице[9], овде се надоврзува самата општа норма од Законот за облигационите односи каде што стои дека учесникот во облигациониот однос е должен, во извршувањето на обврските од својата професионална дејност, да постапува со зголемено внимание, според правилата на струката и обичаите, и со внимание на добар стручњак.[10] Тоа е специјално професионално внимание од страна на стручни лица, во случајов-нотарот, кои професионално се занимаваат со одредена дејност. Според тоа, нотарот во вршење на својата функција мора да постапува со посебно внимание и стручност, според стандардите определени за нотаријатот како самостојна јавна служба. Стандардот што од нотарот се бара е внимание од највисокиот степен. (Томановиќ, 2008). Внимание до кое не се доаѓа преку споредување со однесување на некој друг добар стручњак, туку како на секое лице преку својства суштински еднакви на својства на нотар.

## Граѓанско-правната одговорност на нотарот

За самото утврдување на основните карактеристики на граѓанско-правната одговорност на нотарот во нашето право за сторена штета при вршење на дејноста нотар, се земаат предвид законските одредби во законот за нотаријат како и одредбите во Законот за облигационите односи. За самото настанување на граѓанско-правен однос при настанување на штета потребно е да се исполнат одредени општи услови. Најпрво за кој и да било облигационен однос да постои, треба да постојат страни. Како страни на самиот граѓанско-правен однос се – страна на штетник и страна на оштетен. Од самиот закон за нотаријат може да увидиме дека како страна на штетник може да се јави нотарот, заменикот на нотарот и помошникот на нотарот ако биле овластени од нотарот самостојно да ги преземаат работите во вршење на службата.[11] Како страна на

---

[6] членот 35 став 1 стои дека нотарот е одговорен за штетата која во службата или во врска со службата намерно или од крајна небрежност ја предизвикал на странката или на трето лице

[7] Ако штетата е причинета со намера или крајно невнимание, оштетениот треба да го докаже нивното постоење член 145 став 2 од ЗОО

[8] член 18 од ЗОО

[9] член 35 став 2 од Закон за нотаријат ,,Службен весник на РМ"бр.55/2007, бр.86/2008, бр.139/2009, бр.135/2011, бр.72/2016, бр.142/2016,бр.233/2018

[10] член 11 став 2 од ЗОО

[11] Член 35 од законот за нотаријат (1) Нотарот е одговорен за штета која во службата или во врска со службата, намерно или од крајна небрежност, ја предизвикал на странка или трето лице. (2) Нотарот одговара за штета согласно со општите правила за надоместок на штета што ја предизвикале службени

оштетен во овој однос може да биде клиент корисник на самите услуги што ги нуди нотарот или кое било трето лице кое може да биде оштетено од вршење на дејноста нотар. Сепак за да може да се биде страна на штетник во секој облигационен однос кој настанал со предизвикување штета потребно е да се поседува деликтна способност.[12] Покрај овие услови дополнително треба да се исполнат уште три услови за да може да настане овој облигационен однос со предизвикување на штета. Првиот услов кој треба да биде исполнет е да постои штетно дејствие односно онаа дејствие со кое се предизвикува штета. Во нашиот случај кога станува збор за одговорност на нотарот тоа се дејствија преземени при вршење на службата или поврзани со службата нотаријат. Иако на овој начин е наведено штетно дејствие во Законот за нотаријат во овој случај не спаѓа само активното дејствување на нотарот туку може да дојде и до штета од различни дејствија како што е пропуштање на преземање на дејствие. Како пример на пропуштање може да се приложи пропуштањето да се предупредат странките за спорните ситуации во одреден акт и неможност (поради тоа) за остварувања на своите права и обврски со што доаѓа до штета на самите странки. Следен важен услов кој треба да се исполни за да може да настане овој вид на облигационен однос е штета настаната како последица од работата на нотарот која што може да биде од различен вид. Како видови штета која може да настане од вршењето на оваа дејност се материјална штета, испуштена корист како и нематеријална штета. Иако во Законот за нотаријат наведена е само материјалната штета како вид на штета сепак не се исклучува можност за надомест на нематеријалната штета каде што ќе се користат општите одредби од Законот за облигационите односи наменети за нематеријалната штета. Третиот услов кој треба да се исполни е каузалитет или причинско последична врска помеѓу штетата настаната и во овој случај штетно дејствие кое е поврзано со вршење на службата на нотарот. Покрај овие три услови што треба да бидат исполнети за да настане овој облигационен однос, постои и дополнителен услов а тоа е вината, (како што напоменавме претходно може да биде со намера, крајно невнимание и обично невнимание). За крајното невнимание  и намерата невнимание – треба да бидат докажани од страна на оштетениот за да може да има професионална одговорност кај нотарот, а кај обичното невнимание за кое елаборираме претходно не се докажува туку се претпоставува и тука нотарот треба да докаже дека во својата работа се однесувал со посебно внимание кое е барано од него со самото вршење на оваа служба и тоа е внимание на стручњак. Потребата од докажување на овие два потешки видови на вина е и разбирлива ако се има предвид фактот дека нивното постоење кај штетникот претпоставува дека тој драстично отстапил во своето однесување споредено со однесувањето што се очекува од човек со нормално развиена свест и волја или поинаку речено, од човек со сосема обични, просечни способности. Притоа, дали во еден конкретен случај имаме ваков или уште погруб начин на однесување (случај со

лица. (3) Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се покрене, ако од денот кога е сторена материјалната штета поминале три години. (4) Државата не одговара за штетата што ја предизвикал нотарот. (5) Нотарот одговара и за штета предизвикана од неговиот помошник, заменик, стручни соработници или приправници, во однос на кои има право на регрес. (6) Нотарот одговара солидарно со неговиот заменик, односно помошник ако го овластил самостојно да ги презема работите во вршење на служба. (7) Задолжителното осигурување на нотарот од ризици во вршењето на неговата служба предвидена со овој закон не го ослободува нотарот од неговата директна одговорност кон оштетениот за износот на штетата исплатена од осигурувачот

[12] Деликтна способност е потребно е да се исполнат неколку услови како што е 14 годишна возраст како и способност за расудување

намерата), не е можно да се претпостави, туку оној што го тврди тоа треба и да го докаже тоа (Анастасовска). Докажувањето на спротивното, односно дека нотарот постапувал во рамките на стандардизираното внимание, или дека за штетата е виновен трет или, пак, дека таа настанала поради некоја надворешна околност што тој не можел да ја предвиди, спречи или отстрани, тогаш нотарот ќе ја избегне одговорноста за настанатата штета, односно нема да одговара за неа. На крај сметаме дека треба да се спомене и посебниот вид на одговорност за друг каде што нотарот одговора за работата на своите вработени како што се: помошник, заменик, стручни соработници или приправници кој предизвикале штета спрема странка или трето лице при работа во нотарската канцеларија. Во самиот Закон за облигациони односи е наведено дека за штета што работникот во работата или во врска со работата ќе му ја причини на трето лице, одговара работодавецот кај кој работел работникот во моментот на причинување на штетата, освен ако докаже дека работникот во дадените околности постапувал онака како што требало (член 157 од ЗОО). Сепак постои можност во случај кога нотарот ќе ја надомести штетата на оштетениот настаната од работата на вработениот во нотарската канцеларија, самиот надоместок нотарот да го побара од страна на вработениот ако тој ја сторил штетата со намера или крајно невнимание.

**Задолжително осигурување во РСМ и во споредбеното право**

Сепак во нашето законодавство е овозможена дополнителна заштита на оштетениот како и заштита на самиот вршител на правна професија, со тоа што вршителите на правните професии подлежат на задолжително осигурување од професионална одговорност. Во оваа група спаѓа и професијата нотар каде што во Законот за нотаријат е наведено дека нотарот пред започнување со работа има законска обврска да се осигура од одговорност за штета која би можела да ја предизвика на странки и трети лица со вршењето на својата дејност. Минималниот износ на кој што се осигурува од одговорност нотарот е 50 000 евра во денарска противвредност. Постои можност на зголемување на оваа сума ако нотарот прикажи награда од претходната година поголема од оваа сума. Предмет на осигурување претставува грешката[13] која може да настане со самото вршење на оваа дејност. При самото настанување на штета оштетениот може да побара надоместување на таа штета директно од страна на осигурувачот во висината на осигурениот износ како надомест на трошоците за покренување на таа постапка за надомест на штета. Остатокот од штета која не е покриена од страна на осигурувањето, оштетениот може да ја надомести од самиот штетник, во овој случај самиот нотар. Иако склучувањето на ваков договор е задолжителен за самите нотари, осигурувачот во овој случај осигурителните компании можат да одбијат склучување на договорот. Исто така постојат одредени услови кој утврдуваат кога надоместот на штета не се надоместува од осигурувачот и тоа зависи од самите услови кој ги поставува осигурувачот односно осигурителните компании.

[13] Факт е дека во законодавствата не се дефинира поимот на професионална грешка и дека истото е оставено да го дефинираат теоријата и судската и деловната практика. Во најширока смисла на зборот, професионалната грешка е грешка која носителот на слободна професија, во нашиот случај нотарот, ќе му ја направи на одреден корисник на професионалната услуга или на друго лице и која треба да се процени од аспект на противправност и вина. Професионалните грешки може да се манифестираат како пропуштање одредени дејства, погрешно преземени дејства непреземање дејства и задоцнето преземање дејства(нотариус 23,Професионална одговорност на нотарите за штета и должност за задолжителнос осигурување,Анастасовска,Дабиќ стр27)

Сепак постојат разлики во споредбеното право за начинот на осигурување од одговорност.
Во **Грција** не постои законска обврска за задолжително осигурување од одговорност како што е наменето во нашето законодавство сепак постои напори тоа да се смени.[14]
Во **Хрватска** покрај тоа што постои задолжително осигурување не е утврден минимумот на осигурена сума туку се утврдува во условите на осигурување и постои можност за колективно осигурување од страна на Нотарска комора и може да се пропише и општа заштита со осигурување на сите нотари што се организирани во неа.[15]
Во **Германија** се воведени системи за организирање посебни солидарни фондови. Исто така во Германија, нотарот кој ја повредил својата службена должност од невнимание одговара единствено ако оштетеното лице не може да добие надомест на друг начин. Минималната сума на осигурување е 500 000,оо евра по еден штетен настан со тоа што обврската на осигурувачот може да се ограничи на двоен износ на минималната сума на осигурување, и нотарот одговара согласно својата положба на носител на јавна служба. Во Германија, според Законот за договор за осигурување не е предвидена директна тужба кај задолжителните осигурувања, туку осигуреникот има заложно право на надоместот од осигурувањето.[16]
Во **Франција,** покрај тоа што постои обврска за осигурување од одговорност за секој нотар, исто така постои регионален фонд за одредените региони во Франција каде што работат нотарите има фонд што е финансиран од страна на Нотарите од тој региони со уплата пред да почнат со работа како и Централен фонд кој е финансиран од сите нотари што работат во Франција со цел ако не може да се надомести штетата од индивидуалното осигурување на нотарот да може да се надомести од овие фондови но не повеќе од една десетина од износот на штетата.[17]

## ЗАКЛУЧОК

Кога станува збор за професионална одговорност, како одговорност која ја имаат одредени вршители на професионална дејност, а од вршење на таа дејност може да дојде до одредена штета настаната поради незаконито постапување или пак непочитување на правилата што важат во одредена професија и настанување одговорност за штета која се нанесува на клиенти или пак трети лица, во оваа квалификација влегуваат вршители на правни професии како што се нотарите. Евидентно е во досегашното излагање и анализа на самата литература дека постои недостиг на општи и посебни одредби со кои подобро, поконкретно и поточно ќе се регулира одговорноста на овие правни професии вклучувајќи го и нотаријатот. Иако постои одредена правна уреденост за заштита од штета настана со вршење на оваа професија, односно заштита на оштетениот како и заштита на самиот нотар со самата

[14] Симиеонидис-Тодоровиќ,M(2013),O profesionalnoj odgovornosti javnih beležnika u Grčkoj
[15] Plecas,J.,Profesionalna odgovornost javnih bilježnika u Republici Hrvatskoj… Zbornik radova Pravnog fakulteta Sveučilišta u Mostaru br. XXVI., 2018., str. 111. – 136
[16] (нотариус 23,Професионална одговорност на нотарите за штета и должност за задолжителнос осигурување,Анастасовска,Дабиќ
[17] (нотариус 23,Професионална одговорност на нотарите за штета и должност за задолжителнос осигурување,Анастасовска,Дабиќ

одредба воведена за задолжително осигурување, сепак постои подобра практика во други правни поредоци која можеби може да се имплементира и во нашето законодавство. Поконкретно, утврдување на одговорноста на нотарот за настаната штета при вршење на оваа дејност е бенефит за самите странки во постапки да бидат посигурни во квалитетот на услугата која ќе му биде извршена, како и заштита на самите нотари во службата која ја работат. Како што видовме, нотарите се одговорни за стручно и совесно вршење на нотарската дејност, како што и од нив се очекува да постапуваат, односно нотарите да постапуваат со внимание на посебно внимателен човек, постапување според стандардот внимание на добар стручњак, за да не дојде до евентуални штетни последици од невнимателно однесување и со самото тоа да дојде до нанесување на штета на странките или трети лица при вршење на дејноста. Затоа при вршење на дејноста, нотарот е должен да постапува, не со внимание кое е својствено за секој разумен човек, туку со посебно внимание од највисок степен. Внимание до кое не се доаѓа преку споредување со однесување на некој друг добар стручњак, туку како на секое лице кое е во суштина еднакво на својства на нотар.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Plecas,J.,Profesionalna odgovornost javnih bilježnika u Republici Hrvatskoj… Zbornik radova Pravnog fakulteta Sveučilišta u Mostaru br. XXVI., 2018.

Амповска.М (2018)Професионална граѓанска одговорност во правната професија во Македонското право, Зборник на трудови, Правен факултет во Штип

Амповска.М(2020). Оштетно право. Универзитет ,,Гоце Делчев" - Штип

Дабовиќ-Анастасова.J.Професионална одговорност на нотарите за штета и должност за задолжително осигурување. Нотариус бр.23

Мораит.А (2018),Одговорност на нотарот за предизвикување штета, Анали на правниот факултет бр. 22/2018

Симиеонидис-Тодоровиќ,М(2013),O profesionalnoj odgovornosti javnih beležnika u Grčkoj

Томановиќ.Т.(2008)Материјална одговорност на нотарот за причинета штета.Нотариус 9